Општина Велес

ФОКУС FOCUS
ФОНДАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕМОКРАТИЈА
FOUNDATION FOR LOCAL DEVELOPMENT AND DEMOCRACY



# *ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНИ РАСПРАВИ ПО НАЦРТ-ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2013 ГОДИНА*

Во организација на Општина Велес и фондацијата „Фокус“, на 07 и 13.11.2012 година, во големата сала на Општина Велес се одржаа јавни расправи за програмите за активностите на Општина Велес во 2013 година.

## I. ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ-ПРОГРАМИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ИНСТИТУЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ И ГРАЃАНИ

Јавната расправа по Нацрт-програмите на Општина Велес за **претставниците на институции, здруженија на граѓани и фондации и граѓани** се одржа на 07.11.2012 година.

На расправата присуствуваа 77 учесници:



| | |
|---|---|
| Членови на Советот на Општина Велес | 5 |
| Претставници на НВО | 51 |
| Претставници на институции | 16 |
| Претставници на Општинска администрација | 5 |
| **Вкупно** | **77** |

Проекцијата на Нацрт-програмите за активностите на општината во следната 2013 година ја преставија службениците на општинската администрација. По програмите дискутираа присутните учесници на расправата, но изнесоа и свои предлози кои не беа опфатени во нацрт- документите.

На јавната расправа беа разгледани следните 9 програми:

1. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија во 2013 година.
2. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2013 година.
3. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2013 година.
4. .Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2013 година.
5. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2013 година.
6. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2013 година.
7. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2013 година.
8. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2013 година.
9. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2013 година.

Учесниците на јавната расправа ги дадоа следните предлози по одделни Нацрт- програми:

1. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2013 година.**

| | |
|---|---|
| **ЗГ „Франкофонски клуб Велес“** | Организирање на манифестации за одбележување на месецот на франкофонијата |
| **ЗГ „Еснафи“** | -Изложба на фотографии од 15 годишното постоење на манифестацијата „ Којнички средби“<br>-Возобновување на името на Ѓорѓи Шоптрајанов преку востановување на библиотека |
| **ЛУ „Народен музеј“ -Велес** | Средствата наменети за археолошки парк да се пренаменат во изложби на уметници |

2. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2013 година.**

| | |
|---|---|
| **ЗГ ,,Еснафи“** | Подготовка на критериуми за одобрување на средства за здруженијата на граѓани и фондации |
| **ЗГ ,,Занаетчии Гемиџии“** | Едукација на ученици за обновување на стари занаети |

3. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2013 година.**

| | |
|---|---|
| **ЗГ ,,Еснафи“** | Едукација на млади за подготовка на проектни апликации за ИПА и останатите ЕУ фондови, |

4. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2013 година.**

| | |
|---|---|
| **Претставник на Одделот за педијатрија при ЈЗО Општа болница-Велес** | Обезбедување на 30 хромирани столчиња за мајки и деца |

5. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2013 година.**

| | |
|---|---|
| **Турнир во мал фудбал ,,Велес 2013“** | Зголемување на буџетската ставка од 150 илјади на 250 илјади денари за успешна реализација на активностите |
| **Фудбалски клуб ,,Борец“** | Обезбедување на дополнителни 60 илјади денари за реализација на предвидените активности |
| **Кајакарски клуб ,, Вила Зора“** | Обезбедување на сума во висина од 300 илјади денари за изградба на кајакарска патека |

| | |
|---|---|
| **Младински велосипедски клуб** | -Обезбедување на средства во висина од 80 илјади денари за организација на Куп на Македонија<br><br>-Обезбедување на средства во висина од 80 илјади денари за набавка на хронометар |
| **МК Мото -Велес** | Зголемување на средствата од 40 на 80 илјади денари за успешна реализација на предвидените активности |
| **Кајакарски клуб „Вила Зора“** | Обезбедување на средства во висина од 300 илјади денари за изградба на кајакарска патека |
| **ЗГ „Занаетчии“- Велес** | Реконструкција на стадионот |
| **Фудбалска школа- Велес** | -Соединување на манифестациите Меѓународен фудбалски турнир „8 Септември“ и Меѓународен натпревар во голем фудбал за пионери.<br><br>-Вкупната ставка од 100 илјади денари да се намали на 75 илјади денари и да се префрли на Меѓународниот фудбалски турнир ,,8 Септември“<br><br>-Обезбедување контакти и присуство на екипа од збратимен град на турнирот |
| **Здружение за спорт и рекреација „ Клуб 28“** | Организирање на фитнес ден со различни фитнес активности (пилатес, аеробик, зумба и сл.) кој ќе биде од меѓународен карактер |
| **Фудбалски клуб ,,Форца Нова“** | Обезбедување на средства за одржување на клубот |
| **Младински клуб „Фокус“** | Аматерски младински драмски центар:<br>Обезбедување простор и актер за едукација на учениците и поддршка од општината за театарската уметност на младите |
| **ИО ,,Димитар Влахов“** | Организација на младински камп на езеро Младост |

6. **Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2013 година.**

| | |
|---|---|
| **Територијална Противпожарна единица -Велес** | -Доекипирање на професионалната противпожарна служба<br><br>-Обнова на возниот парк |
| **ЗГ ,,Занаетчии Гемиџии“** | Зајакнување на граѓанската свест при појава на пожар<br><br>-Практична обука на ученици во ТТПЕ |

II. **ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2013 ГОДИНА**

Јавната расправа по Нацрт-програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средна на просторот на Општина Велес за 2013 година, наменета за претставниците на **месни и урбани заедници и заинтересирани граѓани** се одржа на 13.11.2012 година во големата сала на Општина Велес. На неа присуствуваа 81 учесник:





| | |
|---|---|
| Членови на Советот на Општина Велес | 9 |
| Претставници на Урбани и месни заедници | 60 |
| Претставници на институции | 7 |
| Претставници на Општинска администрација | 5 |
| **Вкупно** | **81** |

Проекцијата на Нацрт-програмата за активностите на општината во следната 2013 година ја претстави Костадин Настевски, раководител на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура.

Присутните учесници на расправата, активно учествуваа и дискутираа за предлозите, а изнесоа и свои предлози кои не беа опфатени во нацрт- програмата.

| | |
|---|---|
| **МЗ Џидимирци** | Изградба на пат до селото |
| **МЗ Иванковци** | -Средување на речно корито<br>-Поправка на патот<br>-Повеќенаменско игралиште |
| **МЗ Кумарино** | -Изградба на канализација во селото |
| **МЗ Црквино** | -Систем за водоснабдување<br>-Уредување на простор<br>-Тампонирање и осветлување на спортски терен |
| **УЗ "Васа Кошулчева"** | -Осветлување, поплочување и поставување контејнери на улица „Васа Кошулчева“ |
| **МЗ Сливник** | -Изградба на водоводна мрежа<br>-Изградба на канализација<br>-Тампонирање на пат во должина од 6 километри |
| **МЗ Оризари** | -Водоснабдување во населба „Порцеланка“<br>-Уредување на центарот на Оризари<br>-Доврширување на игралиштето во селото<br>-Решавање на проблемите со базените за водоснабдување во Оризари |

| | |
|---|---|
| **УЗ „9-ти Ноември“** | -Тротоар на улица „Љубљанска“<br><br>-Поставување испусти за вода на улица „Љубљанска“ |
| **УЗ „Димче Мирчев“** | -Реконструкција на дел од улицата „Трајче Панов“ (кај градинка и дом на НВО)<br><br>-Решавање на проблемот со испустната централна канализација во речното корито на река Вардар кај детска градинка |
| **УЗ „Трајче Панов“** | Решавање на проблемот со поставеноста на тезгите на Којник и сообраќајот на Којник |

**Во рамките на буџетските можности, предлозите на учесниците во јавните расправи се вградени во предлог верзиите на Програмите за активностите на Општина Велес во 2013 година.**

Изготвиле:

Општина Велес
Јадранка Стефкова
претставник на раководството за квалитет

Фондација „Фокус“
Славица Ќучукова-Николова
Програмски координатор

Велес, 14.11.2012